# ЗАПИСНИК
## Од 74 (седумдесет и четвртата) редовна седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 25 септември 2025 година (четврток)

Седумдесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 25 септември 2025 година (четврток), со почеток во 11.00 часот, во просториите на Општина Карпош.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 23 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Добрила Андоновска, Зоран Крањевски, Убавица Игнатоска, Предраг Станковски, Александар Илиески, Христо Саракинов, Благица Цветановска, Давор Грче, Виолета Куновска, Владимир Бислимовски, Марин Докузовски, Дејан Лазаревски, Гордана Ивановски Велковска, Јахји Мемедов, Александра Антевска, Наталија Спировска, Мартин Димоски, Бранко Ристов, Ивана Петковска, Славко Митевски, Невена Георгиевска и Татјана Стојановска и Адријана Јакимовска Панчевска.

На 74. седница на Советот присуствуваше Градоначалникот на Општина Карпош, Секретарот на Општина Карпош како и раководители на сектори од Општината, со цел да ги образложат предложените акти, доколку затоа се јави потреба.

Претседателотна Советот, согласно член 39 од Законот за локална самоуправа, член 16 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 72. Седница на Советот на Општина Карпош по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

Пред да отвори расправа Претседателот најави дека од страна на Советничката Невена Георгиевска била предложена точка но по консултации со службите истата неможе да се најде на дневниот ред бидејќи подлежи на финансиски импликации.Согласно законот при распишани избори неможат да се разгледуваат и одлучуваат Одлуки кои сами по себе сносат финансиски импликации.

Се разви дискусија помеѓу Претседателот Бранко Ристов, Невена Георгиевска и Градоначалникот Јакимовски околу самата точка која е предложена во однос на тоа дека се работи за сериозна тема во областа на заштита на околината односно

мапирање и чистење на диви депонии на територија на Општина Карпош.Со самата дискусија се разјасниjа кои депонии се надлежност на Општина Карпош а кои се под надлежност на други институции, но сите се согласија дека ова горливо прашање треба да се разгледа подетално и посериозно по завршување на изборниот процес.
Советничката Невена Георгиевска предложи точка Советнички пршања.
Советникот Славко Митевски по земен збор процедурално известен дека дискусијата не се води по тема на дневниот ред и замоли да се продолжи по расправа за дневниот ред.

Претседателот отвори расправа по предложениот:

ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување записник од 73. седница на Советот на Општина Карпош**

1. **Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**
2. **Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Братство“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**
3. **Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Вера Цириври Трена“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**
4. **Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**
5. **Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**
6. **Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**
7. **Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**
8. **Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Лазо Трповски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

9. **Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**
10. **Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**

Претседателот посочи дека предлог точката се предложува како 11 точка од дневниот ред и ја стави на гласање за додавање на дневниот ред.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН,** е додадена како точка 11 на дневниот ред.

Претседателот го стави на гласање изменетиот дневен ред на гласање.

**Констатирано беше дека по извршенотогласање, со 23 глас ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е** усвоен изменетиот дневен ред.

ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување записник од 73. седница на Советот на Општина Карпош**

**1.Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**
**2.Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Братство“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**
**3.Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Вера Циривири Трена“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**
**4.Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**
**5.Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**

**6.Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**
**7.Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**
**8.Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Лазо Трповски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**
**9.Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**
**10.Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**
**11.Советнички прашања**

Пред да се помине на разгледување на точките Претседателот на Советот предложи да се разгледа и гласа записникот кој е предложен на дневниот ред.

Претседателот отвори расправа по записникот од 73. седница .

Бидејќи никој не се јави зазбор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 73. Седница на Советот на Општина Карпош.

Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, е усвоен записникот од 73. Седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Славко Митевски во својство на претседател на Комисијата за прописи да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои ги разгледувала.

Зема збор членот на Советот Славко Митевски во својство на претседател на Комисијата за прописи кој посочи дека била одржана на 24.09.2025 година и извести интегрално за сите точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Благица Цветановска во својство на претседател на Комисијата за јавни дејности да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои ги разгледувала.

Членот на Советот Благица Цветановска во својство на претседател на Комисијата за јавни дејности, јпосочи дека била одржана на 24.09.2025 година и извести интегрално за сите точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

Претседателот на Советот предложи интегрално разгледување на точките од 1 до точка 10 бидејќи истите се со иста тема за разгледување.

Предлогот беше ставен на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано, е дека е усвоен предлогот за заедничка расправа.**

Претседателот на Советот отвори расправа по преложените точки.

Татјана Стојановска по земен збор постави прасање до службите во однос на посочените извештаи зашто во истите нема прикажано финансиски извештаи.

Од службите одговорија дека финансиските извештаи се изготвуваат како посебен документ и истите во даден законски рок како завршни сметки се објавуваат на веб страните на самите училишта.

Бидејки никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот премина на гласење по преложените точки.

**1. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**

Претседателот на Советот ја стави на гласање предложената точка.

**По спроведеното гласање со 17 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано, е дека е усвоен Заклучокот.**

**2. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Братство“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**

Претседателот на Советот ја стави на гласање предложената точка.

**По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано, е дека е усвоен Заклучокот.**

**3. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Вера Циривири Трена“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**

Претседателот на Советот ја стави на гласање предложената точка.

**По спроведеното гласање со 17 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано, е дека е усвоен Заклучокот.**

**4. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**

Претседателот на Советот ја стави на гласање предложената точка.

**По спроведеното гласање со 17 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано, е дека е усвоен Заклучокот.**

**5. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Којдан Чернодрински“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**

Претседателот на Советот ја стави на гласање предложената точка.

**По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано, е дека е усвоен Заклучокот.**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**6. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**

Претседателот на Советот ја стави на гласање предложената точка.

**По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано, е дека е усвоен Заклучокот.**

**7. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**

Претседателот на Советот ја стави на гласање предложената точка.

**По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано, е дека е усвоен Заклучокот.**

**8. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Лазо Трповски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**

Претседателот на Советот ја стави на гласање предложената точка.

**По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано, е дека е усвоен Заклучокот.**

**9. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**

Претседателот на Советот ја стави на гласање предложената точка.

**По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано, е дека е усвоен Заклучокот.**

**10. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2024/2025 година**

Претседателот на Советот ја стави на гласање предложената точка.

**По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано, е дека е усвоен Заклучокот.**

**10. Советнички прашања**

За збор се јави советникот Славко Митевски и го постави следното прашање:

- Кога е донесена Одлуката за суспензија на ДУП 308 и 309 и дали се при крај 6 месеци од донесувањето на истите, но доколку е истечен рокот од 6 месеци истите да се стават на следна седница за нивно продолжување.

**Од службите беше одговорено дека посочените суспензии на ДУП истекуваат во месец декември.Службите посочија дека доколку до тогаш не се реши истите ке се стават повторно како точки на дневен ред.**

За збор се јави советничката Татјана Стојановска и ги постави следните прашања:

1. Зошто не добивам ниеден одговор од секторот за урбанизам (што може е веќе беспредетно, но да биде нотирано)?

2.Зошто на веб страната на општината не се поставуваат сите издадени одобренија за градба во реално време?

Еднаш ми одговоривте дека се поставуваат сите, што не е точно, многу одобренија за градба, издадени пред повеќе месеци, ги нема на страната.

3.Третото прашање, кое го потврдува второто, е за одобрение за градба кое исто го нема на страната на општината УП1 бр.47-799/9?

Како се добило одобрение според член 59ѕ кој член се однесува за надградба, а се прави целосно нов објект, со надградба на повеќе од еден кат?

Како е издадено одобрние за градба кое предвидува П+2+Пк и не соодејствува со актуелниот ДУП?

4. Прашање е дел од 3то но е до сектор инспекторат: Изјавата дека објектот паднал е само на инвеститорот и како таква е прифатена иако имало изјави од соседи дека е намерно срушен постоечкиот објект. Не е направено вештачење , туку прифатена е изјавата на инвеститорот, иако инспекторот на увид утврдил зголемување на површината на подрумскиот простор и доставил опомена за неправилности до инвеститорот? Дали инспекторот преземал дополнителни чекори по доставената опомена?

Дали инспекторот утврдил дека просторот е заграден според законските прописи и дали направил контрола дали оградувањето е соодветно?

За збор се јави Невена Георгиевска и го постави следното прашање:

-Се работи за измена на ДУП 305 блок 8 објавена на веб страната на општината, а истиот не постои и е укинат од уставниот суд.Како може да се иработуваат измена на ДУП кој не постои, но има проблем и со нумерирањето по ново време на Дуповите.

-Земјиште позади Аква Паркот кај салата Борис Трајковски има добиено проект за складирање на стари и истрошени гуми, кој ќе управува со тој отпад и дали истиот е контролиран бидејќи се работи за доста сложен,опасен и запалив отпад.

**Од службите одговорија дека се работи за проект кој ќе биде строго контролиран од службите на самата општина и ќе се пружи внимателен пристап кон сето тоа.**

За збор се јави советничката Добрила Андоновска со следното прашање:

-Зашто не јавно објавена на веб страната транспарентноста на скопските општини на која Општина Карпош има висок процент.

По исцрпување на дневниот ред седницата заврши во 12.30 часот.

Изработил: Томче Панчевски

Број: 09-9607/3
Датум: 14.10.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА
БранкоРистов